РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-931/3
19-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3203/1 од 09.12.2025 година, оформен по доставена пријава против ЈЗУ -------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-3203/1 од 09.12.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.12.2025 година, поднесена е пријава против ЈЗУ ------- на РСМ (понатаму: Здравствена установа) и оформен е предмет бр. 12-3203/1 од 09.12.2025 година.

Подносителот на пријавата укажува на неправилности поврзани со набавката, планирањето, распоредувањето и издавањето терапија за пациенти со хемофилија и ретки коагулопатии. Дополнил и дека во период подолг од шест месеци, пациентите се соочувале со недостиг на неопходни лекови, иако буџетот за овие терапии бил значително зголемен. Постоеле и индиции дека планирањето на количините било несовесно, нетранспарентно и нелогично, со тоа што количините на терапија за 2025 година биле рекордно намалени, и покрај највисокиот досегашен буџет.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Фондот за здравствено осигурување на РСМ (понатаму: ФЗО).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
ФЗО, со допис – Одговор по барање за достава на податоци и информации бр. 08-----/2 од 16.03.2026 година, информира дека како надлежна институција за контрола на здравствените установи, секоја година Управниот Одбор на ФЗО ги одобрува буџетите на сите јавни здравствени установи за целокупното функционирање на здравствените установи, вклучително и сите потребни лекови за осигурените лица.
Подносителот на предметната пријава до ДКСК, до ФЗО доставил Претставка арх.бр. 12-24241/1 од 20.10.2025 година, по која ФЗО извршил контрола во здравствената установа. Извршиле контрола на медицинската и финансиска документација, како и вонредна и финансиска контрола со контрола на јавна набавка на коагулациски фактори и незаменителна терапија за хемофилија за потребите на здравствената установа, за период од две години 2023/2024 година и контрола на постапка за јавна набавка на заменителна и незаменителна терапија за коагулопатии.
Од извршениот увид во медицинската и финансиската документација, ФЗО констатирал и заклучил дека подносителот на пријавата се лекувал во здравствената установа од 2023 година, користел здравствени услуги во адултниот центар за хемофилија при здравствената установа, и за истите била водена редовна евиденција во медицинската и финансиската документација.
Од страна на одговорното лице на Центарот за ------, проф. д-р. -----., била добиена писмена изјава во која бил потврден континуитетот на подигнување на терапија за домашна употреба од страна на подносителот на пријавата. Изјавата не содржела наводи за редуцирање на терапијата. Во изјавата е нотирано дека постоел недостаток на концентрат на коагулациониот фактор 8 рекомбинантен најмалку трета генерација за осигурениците со хемофилија, но сепак намалените количини/недостаток на коагулациониот фактор 8 не влијаел на тераписките дози по индикација, односно терапијата не била давана само за итни и животозагрозувачки состојби, бидејќи подносителот на пријавата ги примал потребните тераписки дози. Имено, рационализацијата поради намалените количини опфатила пациенти во согласност со препораките на Светската Федерација за Хемофилија 3-та едиција.

Од вонредната финансиска контрола во финансиската документација, во однос на количините на лековите за хемофилија и нивните набавки ФЗО меѓуостанатото ги донел следните констатации:

За рекомбинантен фактор VIII со тендерот за 2025 година биле набавени три лека со заштитено име Refacto AF, Elocta и Nuwiq, кои не биле набавувани по стариот тендер, а лекот со заштитено име Advate кој бил набавуван по стариот тендер, по новиот тендер не бил набавен.
Од трите лека рекомбинантен фактор VIII, за лекот со заштитено име Refacto AF со јачини 250IU/5mg, 500IU/5mg и 1000IU/5mg, бил раскинат договорот во август 2025 година, поради непостапување согласно договорот. Имено, добавувачот одговорил дека не постои можност за испорака на потребните количини Refacto рекомбинантен фактор VIII, поради што директорот на институтот донел Одлука за делумно раскинување договор дел 1 Cagulation factor VIII рекомбинантен најмалку трета генерација.

*Според член 54 став 1 точки 12 и 13 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ", бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025 и 154/2025) (понатаму: ЗСО), Фондот ги врши следниве работи: -врши увид и контрола на договорениот обем и вид на обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи, на документацијата поврзана со укажаните здравствени услуги и на спроведувањето на медицината базирана на докази; -презема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата од задолжителното здравствено осигурување.*
*Според член 68 став 2 од ЗСО, здравствените установи се должни средствата потребни за обезбедување на определениот обем на здравствени услуги да ги користат рационално, економично, ефикасно и наменски согласно со утврдените годишни планови на приходи и расходи.*
*Според став 4 од истиот член, здравствените установи се должни на Фондот да му доставуваат финансиски и други податоци на начин и во рокови утврдени со општ акт на Фондот.*
*Според член 71 став 1 од ЗСО, Фондот врши контрола на здравствените установи и правните лица кои вршат изработка, издавање и сервисирање на ортопедски и други помагала со кои има склучено договор во однос на примена на општите акти на Фондот, исполнување на обврските од договорот со Фондот, договорениот вид и обем на здравствени услуги, медицинската документација поврзана со укажаните здравствени услуги, примена на медицината базирана на*

*докази и примена на критериумите за оцената за привремена спреченост за работа.*
*Според став 2 од истиот член, покрај контролите од ставот 1 на овој член во јавните здравствени установи, Фондот врши и контрола на користењето на средствата за вршење на здравствените услуги во согласност со членот 68 став 2 од овој закон.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган, каде постапката е завршена и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата